Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16; 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Центар - Скопје го издава следното

# **С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 01 – Маџир Маало 1, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024 дека Градоначалникот на Општина Центар - Скопје донесе Одлука за спроведување на

## **ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА по Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 01 – Маџир Маало1, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024**

Границата на зафатот е дефинирана:
- **од северозапад** по осовината на регулираното корито на Река Вардар;
- **од запад** по осовина на бул.„Крсте Мисирков";
- **од југозапад** по осовина на бул.„Кузман Јосифовски - Питу";
- **од југоисток** по осовина на бул.„Крушевска република".

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 7,28 ха.

**Јавната презентација** по Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 01 – Маџир Маало 1, Општина Центар - Скопје, плански период 2019-2024, **ќе се одржи во** просториите на **Општина Центар - Скопје** (ул.„Михаил Цоков" бр.1) **во сала за состаноци, барака 6, на ден 20.11.2019 година (среда) во 12.00 часот.**

Предлог - Детален урбанистички план Градска четврт И 01 – Маџир Маало 1, Општина Центар - Скопје, плански период 2019 - 2024 **ќе биде изложен во** просториите на урбаната заедница „Мирче Мацан" (ул.„Пролет" бр.39, Скопје) **секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, од 12.11.2019 до 26.11.2019 година.**

**Соопштението** за организирање на јавна презентација и јавна анкета **ќе биде објавено на** веб страната на Општина Центар - Скопје **www.centar.gov.mk и на информацискиот систем е-урбанизам**.

Контакт телефони **3203 605** и **3203 660** и email: **planiranje@centar.gov.mk.**

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат анкетни листови со забелешки и предлози по предлог планот.

Бр.09-2048/16
06-11-2019 год.
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Саша Богдановиќ**
С. Богдановиќ
ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ 1